[redacted]

ЦЕНТАР НА ЗАЕДНИЦАТА НА ОПШТИНА СТРУГА
QENDRA E BASHKËSISË SË KOMUNËS SË STRUGËS

Здружение за локална демократија "Центар на заедницата на општина Струга"
Ул. Нико Нестор бр. 1/1 Струга 6330
Контакт: 070576059
infoccstruga@gmail.com
Лице за контакт: Фестим Положани

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS

Примено Pranuar	13.10.2026		
Орг.единица Njes.organizative	Број Numer	Прилог Shtese	Вредност Vlera
	6116		

До: Општина Струга
за Шефкије Аласани Дика

Предмет: Барања за решавање на проблемот со бездомните кучиња во Струга

Почитувани,

Центарот на заедницата на општина Струга, во соработка со Институтот РЕСИС од Скопје, изработи истражувачка сторија во која е пошироко анализиран проблемот со бездомните кучиња како комунално прашање, но и како прашање на безбедноста и квалитетот на секојдневниот живот на граѓаните во Струга. Сторијата на тема „Стационар за кучињата скитници во Струга – Системско или привремено решение" е објавена на медиумот на заедницата *Локал Актив* и можете да ја најдете на овој линк.

Врз основа на истражувачката сторија, со поддршка на Институтот РЕСИС, Центарот на заедницата на општина Струга изработи и план за застапување со цел да се поттикне Општина Струга и другите надлежни институции да се преземат активности и мерки за решавање на овој проблем.

Врз однова на истражувањето спроведено како дел од истражувачката сторија и Планот за застапување, Ви ги упатуваме следниве конкретни барања кои се однесуваат на активностите и мерките што очекуваме да ги преземе Општина Струга:

- да обезбеди целосна транспарентност на постапката за изградба и управување со стационарот за бездомни кучиња и да организира јавна расправа со граѓаните, граѓанските организации, ветеринарите и независни експерти, пред донесувањето на одлука за моделот на негово финансирање, изградба и управување.
- да ја објави физибилити студијата, бизнис-планот, проценката на бројот на кучиња, предвидените трошоци, условите за избор на приватен партнер и критериумите според кои ќе се оценува успешноста на стационарот.
- да изработи и да објави повеќегодишен план и програма за управување со популацијата на бездомни кучиња, со јасно утврдени цели, активности, рокови, буџет и мерливи индикатори за резултатите.

Веруваме дека преку заедничка соработка ќе придонесеме кон поефикасано и сеопфатно решавање на овој проблем. За таа цел, Ве молиме да го разгледате ова барање и да предложите термин за заедничка средба, на која би разговарале поконкретно за конкретните чекори што би требало да се преземат.

Со почит,
Фестим Положани,
Извршен директор

Здружение за локална демократија
ЦЕНТАР НА ЗАЕДНИЦАТА НА ОПШТИНА СТРУГА
Струга
QENDRA E BASHKËSISË SË KOMUNËS SË STRUGËS
Struga
Shoqata për demokraci lokale

Струга, 13.10. 2026